Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 септември 2023 година

Скопје, септември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 септември 2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани (ВКВ).

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фтамире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Даим Лучи, министер за култура.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не присуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер

за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*
*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 183-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2023 година

- Усвојување на Записникот од 185-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2023 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

\- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за ИПАРД III поддршка за земјоделство и рурален развој во рамките на инструментот за претпристапна помош ИПА III помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, за периодот 2021-2027, со усогласен текст на Финансиска спогодба

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

\- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој, од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози

\- Информација за надградба и користење НПАА платформата за управување и координација на процесот на пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија

- Информација за подготовката на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2023 година, со прилози

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница-Кичево (оперативни столови)

2. Деловен и Финансиски извештај за 2021 година, со Деловен извештај, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии „УМПАКИ“-Скопје, со статус на организација од јавен интерес

3. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, со Извештај на независниот ревизор и со Предлог-одлука

5. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

6. Информација за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки

7. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (Имотен лист бр.86847 за КО Куманово, на КП бр.21421)

8. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (Имотен лист бр.86904, за КО Куманово, на КП бр. 18420)

9. Информација во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за

приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје

10. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, 6/23, со Тендерска документација

11. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локацијата бр.104 Габровска Река

12. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Александар Палас, Скопје, со Предлог-решение

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Милениум Палас, Охрид, со Предлог-решение

14. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Белведере, Охрид, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Нова Ривиера, Охрид, со Предлог-решение

16. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Луфито МКЧЗ, Струга, со Предлог-решение

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Галеб, Струга, со Предлог-решение

18. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Инекс Олгица Хотел & Спа, Охрид, со Предлог-решение

19. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Лебед, Охрид, со Предлог-решение

20. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Метропол-Охрид, со Предлог-решение

21. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Њу Стар, Скопје, со Предлог-решение

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Силекс, Охрид, со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотели Метропол-објект Белви, Охрид, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Андалус, Скопје, со Предлог-решение

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Амбасадор М, Скопје, со Предлог-решение

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на типска населба со намена А1-домување во станбени куќи КО Волковија, Општина Брвеница, со Предлог-одлука

27. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.1558 бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Жаклина Спасова, с.Трстеник, Росоман, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Упчев, ул. Никола Карев бр.9 Стар Дојран, со Предлог-одлука

30. Информација во врска со Барањето на концесионерот Биор Енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2

31. Извештај од Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција

32. Извештај за извршени преговори и усвојување на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството, со усогласен текст на Протокол

33. Предлог-одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Црвена вода“, Општина Дебрца од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Димоски Дончо Победа, с. Ботун-Белчишта ДООЕЛ

34. Информација за Програмата и приоритетите на шпанското претседателство со Советот на Европската Унија

35. Информација за Петтиот периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права на Организацијата на обединетите нации, со Предлог-текст на извештај

36. Информација за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение

37. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1094 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/1089 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

38. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Maple Arch 23“ во Грузија

39. Информација за донесување Решение за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-решение

40. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на детска градинка во Општина Карбинци

41. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Дебар

42. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (КП бр. 10074, КО Центар 1)

44. Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

45. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2740 и Имотен лист бр.13137, за КО Штип 3, на КП бр.5241, викано место/улица „Град"

46. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Толјати"

47. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15005 за КО Чаир, на КП бр.18/2, викано место/улица „Чаир", Имотен лист бр.960219 за КО Чаир, на КП бр.119/1, викано место/улица „Чаир" и Имотен лист бр.958719 за КО Чаир, на КП бр.121/1, КП бр.125/3 и КП бр.125/4, викано место/улица „Чаир"

48. Кадровски прашања

49. Прашања и предлози

50. Информација за работата на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година

51. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2022 година

52. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица" Пробиштип за период од 1.4.2023 година до 30.6.2023 година

53. Извештај за финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево, за вториот квартал во 2023 година

54. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје, за периодот април-јуни 2023 година

55. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза-Скопје за периодот април-јуни 2023 година, со дополнување

56. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, за периодот 1.4-30.6.2023 година, со прилози

57. Извештај за трошење на втор дел од одобрените средства во износ од 1.300.000.000 денари префрлен на 23.6.2023 година на наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена од Влада на Република Северна Македонија, на 28.4.2023 година со бр.41-4126/4

58. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

59. Финансиски извештај на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.4.2023 година до 30.6.2023 година

60. Годишен извештај за работа на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година

61. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока

62. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-бентонитска глина на локалитетот „Крива Круша и Ранковце“, Општина Ранковце

63. Информација во врска со образложеното барање за случај ECS-7/21 покренат од Енергетската заедница, со Предлог-одговор

64. Предлог-одлука за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

65. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“

66. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, со Предлог-одлука

67. Информација за потребата од изработка на национална стратегија за безбедност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

68. Предлог на закон за амнестија, по скратена постапка

69. Информација за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Државниот универзитет „Гоце Делчев“-Штип, со Предлог-одлука

70. Информација за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија во врска со соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Договорот

71. Информација за потпишување на меморандум за разбирање за соработка помеѓу Министерството за правда на Република Северна Македонија и Министерството за правда на Кралството Саудиска Арабија, со усогласен текст на Меморандум

72. Барање за решавање на проблемот за добивање на лиценци за работа, доставено од Мрежата на инспектори за даноци на имот и комунални такси

73. Предлог на закон за изменување на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на Анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, по скратена постапка

74. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 1 септември 2023 година до 7 септември 2023 година

75. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на

Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 31 август 2023 година до 6 септември 2023 година

*

* *

**Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**Информација за потпишување на Финансиската спогодба за ИПАРД III поддршката за земјоделство и рурален развој во рамки на инструментот за претпристапна помош ИПА III помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за ИПАРД III поддршка за земјоделство и рурален развој во рамките на инструментот за претпристапна помош ИПА III помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, за период 2021-2027, со усогласен текст на Финансиска спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Финансиската спогодба за ИПАРД III поддршка за земјоделство и рурален развој во рамките на инструментот за претпристапна помош ИПА III помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, за период 2021-2027.

2. Се овластува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Финансиската спогодба за ИПАРД III поддршката за земјоделство и рурален развој во рамките на инструментот за претпристапна помош ИПА III помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, за периодот 2021-2027.

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

## - Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој, од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој, од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и

кохезија, со прилози, ја усвои Информацијата и ги утврди одговорите на Прашалникот добиен од Европската комисија.

**- Информацијата за надградба и користење НПАА платформата за управување и координација на процесот на пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија**

Владата ја разгледа Информацијата за надградба и користење НПАА платформата за управување и координација на процесот на пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, ја усвои Информацијата и ги задолжи органите на државната управа и другите државни институции, во рок од седум дена, до Секретаријатот за европски прашања, да номинираат најмногу по две лица од институцијата (едно стручно/техничко ИТ лице), со цел нивно соодветно обучување за функционалностите на НПАА платформата, за време на одржувањето на обуките за кои преку Секретаријатот за европски прашања ќе биде дополнително доставен план за обуките со соодветни кориснички упатства.

**Информација за подготовката на 20-тиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2023 година, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го назначи Андрија Алексоски, од Министерството за финансии, за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија.

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (второ изменување)**

Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, го прифати и заклучи:

1. Да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за изградба на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3-делница Крива Паланка-Деве Баир, граница кон Република Бугарија, рокот за доставување наместо јули 2023 година да биде октомври 2023 година;

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за изградба на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3-делница Крива Паланка-Деве Баир, граница кон Република Бугарија, рокот за доставување наместо јули 2023 година да биде октомври 2023 година и

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, кој е со рок јули 2023 година, да се избрише од Законодавната агенда.

Согласно ова, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2023 година-31.12.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница-Кичево (оперативни столови).

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2021 година, со Деловен извештај, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии „УМПАКИ“- Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 3**

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, со Извештај на независниот ревизор и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период 1.1.2022 година до 31.12.2022 година.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, да подготви и до 31 октомври 2023 година до Владата да достави информација со конкретни мерки и активности за постапување по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското

друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Шеваљ Цеку-извршен член на Одборот на директори).

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Булент Камбер-неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2022 година до 28.6.2022 година).

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Јасна Оровчанец-Аранѓеловиќ-претседател на Одборот на директори).

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Сања Цековска-неизвршен член на Одборот на директори).

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Доган Тахир-неизвршен член на Одборот на директори за период од 29.6.2022 година до 31.12.2022 година).

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2022 година (Сандра Стаменковска-неизвршен член на Одборот на директори).

<u>Точка 7</u>

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (Имотен лист бр.86847 за КО Куманово, на КП бр.21421).

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (Имотен лист бр.86904, за КО Куманово, на КП бр. 18420).

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје, ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-бетинг“ ДОО Скопје, имајќи го предвид дополнувањето на Информацијата од страна на Министерството за финансии, од каде се утврдува дека условот за одземање на Лиценцата е надминат.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, 6/23, со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локацијата бр.104 Габровска Река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани Енергетик ДОО Тетово до 10.11.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани Енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

3. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани Енергетик ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 10.12.2023 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Александар Палас, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Милениум Палас, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Белведере, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Нова Ривиера, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Луфито МКЧЗ, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Галеб, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Инекс Олгица хотел & спа, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лебед, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Метропол-Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Њу Стар, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Силекс, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за

утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотели Метропол-објект Белви, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Андалус, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Амбасадор М, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на типска населба со намена А1-домување во станбени куќи КО Волковија, Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на типска населба со намена А1-домување во станбени куќи КО Волковија, Општина Брвеница.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.1558 бр.18-А/Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Жаклина Спасова, с.Трстеник, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Упчев, ул.Никола Карев бр.9 Стар Дојран, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Биор Енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27 март 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 7 јуни 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор Енерги Груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 7 август 2024 година.

## Точка 31

Владата го разгледа Извештајот од Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот од Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

2. Се задолжува Министерството за економија до 30 октомври 2023 година, да формира работна група (по еден претставник од Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот), која ќе ги дефинира активностите на најновите трендови на туристичка атракција и привлекување на туристи во двете држави, како и ќе предложи почеток на преговорите со турската страна за подготовка на нов текст на договор за соработка во областа на туризмот.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука до 30 октомври 2023 година, да достави одговор до турската страна на доставениот Предлог-текст на Договор преку Амбасадата на Република Турција во Скопје, за ажурирање на Договорот за соработка во областа на образованието, потпишан во 2012 година.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во втората половина на 2023 година, со турската страна да одржат седница на Мешовитата комисија за патен транспорт во однос на дефинирање на квотите за транспорт.

<u>Точка 32</u>

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и усвојување на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството, со усогласен текст на Протокол и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација-Спогодба за субвенции во рибарството.

2. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна 10 дена по прифаќањето на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација-Спогодба за субвенции во рибарството, да достави до Министерството за надворешни работи предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација-Спогодба за субвенции во рибарството.

<u>Точка 33</u>

Владата ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Црвена Вода“, Општина Дебрца од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Димоски Дончо Победа, с.Ботун-Белчишта ДООЕЛ.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата и приоритетите на шпанското претседателство со Советот на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за Петтиот периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права на Организацијата на обединетите нации, со Предлог-текст на извештај и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Петтиот периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права на Организацијата на обединетите нации.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го достави Петтиот периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права на Организацијата на обединетите нации до генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации, односно до Комитетот за економски, социјални и културни права, најдоцна до 1 октомври 2023 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1094 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/1089 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Maple Arch 23“ во Грузија.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување Решение за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на детска градинка во Општина Карбинци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за труд и социјална политика за доградба на детска градинка во Општина Карбинци во вкупна вредност од 12.193.340,00 без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2023 година-2.000.000,00 денари без ДДВ на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481 и
- 2024 година-10.193.340,00 денари без ДДВ на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во насока потребните финансиски средства за наредните години да бидат обезбедени во рамките на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Дебар и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за труд и социјална политика за доградба на детска градинка во Општина Дебар во вкупна вредност од 16.476.450,00 со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2.500.000,00 денари, со вклучен ДДВ, на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481, за 2023 година и
- 13.976.450,00 денари, со вклучен ДДВ, на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481, за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии во смисла потребните финансиски средства за наредните години да бидат обезбедени во рамките на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за труд и социјална политика за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод во вкупна вредност од 13.514.047,99 без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2023 година-2.000.000,00 денари без ДДВ на Сметка 637, Програма 4А, Расходна ставка 481 и
- 2024 година-11.514.047,00 денари без ДДВ на Сметка 637, Програма 4А, Расходна ставка 481.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии во смисла-потребните финансиски средства за наредните години да бидат обезбедени во рамките на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (КП бр. 10074, КО Центар 1).

## Точка 44

Владата ги донесе:

1. Решението за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот.

2. Решението за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2740 и Имотен лист бр.13137, за КО Штип 3, на КП бр.5241, викано место/улица „Град“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Синѓелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Толјати“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15005 за КО Чаир, на КП бр.18/2, викано место/улица „Чаир“, Имотен лист бр.960219 за КО Чаир, на КП бр.119/1, викано место/улица „Чаир“ и Имотен лист бр.958719 за КО Чаир, на КП бр.121/1, КП бр.125/3 и КП бр.125/4, викано место/улица „Чаир“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Управата за заштита на културно наследство.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето во Мислењето на Управата за заштита на културно наследство во кое е наведено новиот сопственик да биде известен дека сите интервенции на културното наследство или во негова непосредна околина можат да се вршат само со претходно одобрение од надлежната институција, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

## Точка 48

По однос на оваа точка немаше предлози.

## Точка 49

**1.** Владата го разгледа Барањето на Бошњачкиот национален совет за покровителство и одобрување на финансиски средства по повод „28 Септември-Меѓународен ден на Бошњаците“, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**2.** По повод укажувањето на м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика во врска со посетата на Сојузот на борците на првото отворено училиште на македонски јазик по ослободувањето во Кичевско, Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди за 22 септември 2023 година едно возило за превоз на 15 лица и свежо цвеќе-икебана за положување.

**3.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок по точка 2 од Сто осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2023 година, донесен по Барањето за склучување на Анекс бр.9 кон Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, го прифати Барањето и заклучи Заклучокот да се измени во смисла, наместо Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Анексот бр.9 кон Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата да го потпише Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за периодот 1.4.2023 година до 30.6.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево, за вториот квартал во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје, за периодот април-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за периодот април-јуни 2023 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, за периодот 1.4-30.6.2023 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на втор дел од одобрените средства во износ од 1.300.000.000 денари префрлен на 23.6.2023 година на наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена од Влада на Република Северна Македонија, на 28.4.2023 година со бр.41-4126/4, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.4.2023 година до 30.6.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-бентонитска глина на локалитетот „Крива Круша и Ранковце“, Општина Ранковце.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со образложеното барање за случај ECS-7/21 покренат од Енергетската заедница, со Предлог-одговор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Одговорот подготвен од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија.

2. Се задолжува Министерството за економија, во рок од седум дена да го испрати одговорот до Енергетската заедница.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ и условно ја усвои, доколку Министерствот за финансии достави позитивно мислење по истата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на Буџетот за 2024 и 2025 година да ги предвиди дополнителните средства за национално кофинансирање за целосно завршување на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ согласно динамиката за реализација на Договорот, но не повеќе од 30% од првично проектираниот буџет на Проектот .

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на Договорот до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во најбрз рок да ја достави тендерската документација до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии, со цел повторување на тендерската постапка за Проектот за градба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10

MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 мw) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип (усогласена со Секретаријатот за законодавство), доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на национална стратегија за безбедност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Управен комитет за координација и изработка на национална стратегија за безбедност на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите претставници на Владата /министерства, во рок од седум дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достават номинација на член и заменик-член во експертската работна група, кој активно ќе учествува во изработката на националната стратегија за безбедност.

**Точка 68**

Владата го разгледа Предлогот на закон за амнестија, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон за амнестија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Државениот универзитет „Гоце Делчев“-Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Државниот универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информација за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија во врска со соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија во врска со соработка во областа на одбраната.

2. Се определува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија во врска со соработка во областа на одбраната.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на меморандум за разбирање за соработка помеѓу Министерството за правда на Република Северна Македонија и Министерството за правда на Кралството Саудиска Арабија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка помеѓу Министерството за правда на Република Северна Македонија и Министерството за правда на Кралството Саудиска Арабија.

2. Се овластува м-р Кренар Лога, министер за правда, да го потпише Меморандумот за разбирање за соработка помеѓу Министерството за правда на Република Северна Македонија и Министерството за правда на Кралството Саудиска Арабија.

## Точка 72

Владата го разгледа Барањето за решавање на проблемот за добивање на лиценци за работа, доставено од Мрежата на инспектори за даноци на имот и комунални такси и го задолжи Инспекцискиот совет ИТНО да преземе мерки за решавање на

статусот на 18-те општински даночни инспектори кои треба да се лиценцираат, согласно Законот за инспекциски надзор, со оглед на тоа дека општинските даночни инспектори се лица вработени во организациска единица за инспекциски надзор во состав на општините (што е законски услов за стекнување на лиценца), како и дека овие општински даночни инспектори се со ист статус како општинските инспектори во други области, на кои уште во 2020 година, согласно член 103 став 5 им биле издадени 209 лиценци по сила на закон од страна на Инспекцискиот совет.

## Точка 73

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на Анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, по скратена постапка, го утврди усогласениот текст со Секретаријатот за законодавство на Предлогот на закон за изменување на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на Анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, по скратена постапка и го задолжи Министерството за финансии истиот да го прикачи на порталот е-влада и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 74

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 1 септември 2023 година до 7 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 75

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок

ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 31 август 2023 година до 6 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

*
*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12.55 часот.

**Заменик на генералниот секретар
на Владата на Република
Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија**

**dr.Artan Grubi**